Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр. Nr. 08-944/2
11-07-2025 год. vit
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 став 1 алинеа 12 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24, 224/24, 3/25), а во врска со член 7 од Правилникот за воздухоплови без екипаж ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 115/24), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја донесе следната

ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Предмет:	**Географски зони за воздухоплови без екипаж во кои што можат да се вршат операции во отворена категорија, во поткатегорија А3, со максимална маса на полетување поголема од 25 кг. но не поголема од 150 кг. и максимална висина не поголема од 20 м.**
ОДБ број:	**2025-001-OPS**
Издадена:	**11.07.2025**
Ефективна од:	**11.07.2025**
Ревизија:	**00**

- **Цел на оперативната директива**

Целта на оваа оперативна директива е да се дефинираат географски зони и правила за операции со воздухоплови без екипаж наменети за извршување на земјоделски работи, чија што максимална маса на полетување е поголема од 25 кг. но не поголема од 150 кг. во отворена категорија, во поткатегорија А3, над обработливо земјоделско земјиште во рурална средина.

- **Причина за издавање на оперативната директива**

Оваа оперативна директива се издава од причина што еден од критериумите за операции во отворена категорија е максималната маса при полетување на воздухопловот без екипаж да не надминува 25 кг. Според тоа, сите операции со воздухоплови без екипаж потешки од 25 кг. спаѓаат во посебна категорија, со што непотребно се комплицира одобрувањето на операции со многу низок ризик над обработливо земјоделско земјиште

во рурална средина, на многу мала височина, каде што нема неинволвирани луѓе или објекти, при што операциите секогаш се одвиваат во визуелна линија на видно поле (VLOS). Со оглед на тоа што ЕУ Рег. 2019/947, во член 15 став 2, дава можност да се дефинираат зони за операции со воздухоплови без екипаж, во кои што еден или повеќе услови за операции во отворена категорија, можат да бидат изземени, а имајќи во предвид дека и покрај тежината на воздухопловот без екипаж, операциите се од многу низок ризик за други воздухоплови бидејќи се извршуваат на многу мали височини, најчесто од 5 до 10 метри над површината и не претставуваат ризик за неинволвирани лица, се донесе оваа оперативна директива за безбедност со што се овозможува операции за воздушно третирање на земјоделски површини, кои би спаѓале во посебна категорија да се извршуваат во отворена категорија, поткатегорија А3.

- **Применливост**

  - Одредбите од оваа оперативна директива ќе се применуваат на операции со воздухоплов без екипаж со максимална тежина на полетување поголема од 25 кг. но не поголема од 150 кг. исклучиво кога се употребуваат за извршување на земјоделски работи над обработливо земјоделско земјиште, во рурална средина, на максимална висина не поголема од 20 м. и ќе бидат обврзувачки за странски и домашни оператори со воздухоплови без екипаж и за далечински пилоти на воздухоплов без екипаж.

  - Информација за географските зони наменети за операции со воздухоплови без екипаж за извршување на земјоделски работи ќе се објави на мапата за резервиран воздушен простор, со текст: "можни операции со воздухоплови без екипаж за извршување земјоделски работи над обработливо земјоделско земјиште во рурална средина до 20 м. над терен".

- **Дефиниции**

За потребите на оваа оперативна директива, одредени поими и изрази го имаат следното значење:

1. Воздухоплов без екипаж (UAS – Unmanned Aircraft System) е воздухоплов наменет за изведување на операции без екипаж, кој е управуван далечински.
2. Далечински пилот на воздухоплов без екипаж е лице кое го програмира системот, управува со системот на воздухопловот без екипаж и има директна контрола над воздухопловот без екипаж додека истиот е во видното поле на лицето и е одговорен за неговиот лет. Во случај кога за оперирање со воздухоплов без екипаж покрај пилотот е потребно ангажирање и на други лица, одговорен за летот е лицето (пилотот) кој што оперира со командите за управување на летот.

3. Визуелна линија на видно поле *(VLOS)*е директен визуелен контакт на пилотот на воздухоплов без екипаж со воздухопловот, без користење на надворешни оптички или електронски помагала, при што средствата за корекција на вид (наочари или контактни леќи) не се сметаат за надворешни помагала. Максималната далечина на летот во VLOS се пресметува според следната формула: VLOS (m) = 327 x CD(m) +20 m. (при што CD(m) е максималната дијагонална должина на воздухопловот со исправени перки).
4. Максимална маса на полетување е максималната тежина на воздухопловот без екипаж вклучувајки ги сите системи, уреди и предмети кои се инсталирани на истиот (оперативна маса) и товарот кој што може да го подигне.
5. Обработливо земјоделско земјиште во рурална средина е секоја земјоделска површина надвор од населено место.
6. Географските зони во кои можат да се извршуваат операции со воздухоплов без екипаж, чија што максимална маса на полетување е поголема од 25 кг. но не поголема од 150 кг. во отворена категорија, во поткатегорија А3 се сите обработливи земјоделски површини во рурална средина, каде што нема неинволвирани луѓе или објекти, на височина не поголема од 20 м. од теренот.

- **Потребна активност и време на придржување**

I. Одговорности на операторот:

Физички или правни лица, кои планираат операции со воздухоплов без екипаж, чија што максимална маса на полетување е поголема од 25 кг. но не поголема од 150 кг. во отворена категорија, во поткатегорија А3, над обработливо земјоделско земјиште, во рурална средина, во македонскиот воздушен простор треба да ги исполнуваат следните услови:

1) Да се регистрирани оператори со UAS во Агенцијата за цивилно воздухопловство;
2) Да добијат одобрение од Агенцијата за цивилно воздухопловство. Одобрението ќе се добие по завршена постапка на барање од страна на физичкото или правното лице. Формуларот – Барање за одобрение на операции со UAS, чија што максимална маса на полетување е поголема од 25 кг. но не поголема од 150 кг. во отворена категорија, во поткатегорија А3, над обработливо земјоделско земјиште во рурална средина е објавен на интернет страната на агенцијата;

3) Кон Барањето од претходната точка, да приложат сертификат А1/А3 за далечинскиот пилот кој ќе управува со UAS, разработени стандардни оперативни процедури во кои ќе биде содржан и опис на техничкото одржување на UAS и летачка книшка за евиденција на летовите на UAS. Образец за стандардни оперативни процедури и летачка книшка за евиденција на летовите на UAS е објавен на интернет страната на агенцијата;
4) Во текот на постапката за одобрување, а на барање на Агенцијата за цивилно воздухопловство, да овозможи демо лет над определена земјоделска површина со цел утврдување на компетентноста за планираните операции;
5) Операциите во оваа категорија можат да се извршуваат само дење;
6) Максималната оперативна висина да не биде поголема од 20 м. од теренот;
7) Да не се надлетуваат луѓе;
8) Да не се управува со повеќе UAS во исто време;
9) Да не се управува со UAS од возило во движење и
10) Доколку малолетно лице, но не помладо од 16 години, управува со UAS истото да биде под надзор на полнолетно лице.

II. Одгворност на далечинскиот пилот:

1) Да гарантира дека состојбата на UAS ќе овозможи планираниот лет да се изврши безбедно и управувањето со UAS да е во согласност со прирачникот на производителот и со следење на неговите пропишани процедури;
2) Да ги собира најновите податоци за сите географски области и да постапува во согласност со нив;
3) Секој лет да го пријавува на интерактивната мапа на https://drone.gov.mk/app/index.php
4) Да не ги извршува своите должности под влијание на психотропни супстанции или алкохол;
5) За цело време на операциите да одржува визуелен контакт со UAS и да го набљудува воздушниот простор околу него за да избегне било каков ризик од судир со воздухоплови со екипаж. Ги прекинува операциите доколку стануваат ризични за другите воздухоплови, луѓе, животни, животната средина или имотот на трети лица;

6) Да се осигура дека нема неинволвирани лица во областа на операциите;
7) Да не лета блиску или во области каде што се во тек напори за справување со итни ситуациии (гасење на шумски пожари, медицински интервенции, интервенции на полицијата и.т.н.) и
8) Секоја штета што може да ја предизвика на трети лица со неговото UAS да ја надомести согласно позитивните законски прописи.

Оваа оперативна директива ќе се применува се додека не биде заменета со друга оперативна директива или не биде повлечена.

Забелешки

1. Прашањата во врска со оваа оперативна директива треба да се доставуваат до Агенцијата за цивилно воздухопловство на следната адреса: uas@caa.gov.mk

Д и р е к т о р
Драги Стојаноски